**Оглас – Практикант во Граѓански Сектор**

Центар за економски анализи (ЦЕА), со партнерите во склоп на проектот Вработување на млади Роми, финансиран од ЕУ преку ИПА ЧР објавува

**ОГЛАС**

До млади квалификувани невработени Роми од СКОПЈЕ

***За практично учење за младите Роми во склоп на Центар за Економски Анализи (ЦЕА) Скопје***

Сите заинтересирани млади лица од ромска национална припадност на возраст од 18 – 35 години од Скопје кои се заинтересирани да се стекнат со практични знаења и вештини како практиканти во склоп на граѓанскиот сектор за период од најмногу 2 месеци се повикуваат да земат учество во проектот преку испраќање на Барање (Апликација) до проектот.

Вкупниот број на практиканти кои ќе бидат поддржани во периодот од 15ти јуни 2017 до 14ти декември 2017 преку секоја од организациите кои се партнери во проектот се по 5 практиканти (односно 20 во сите локации).

***Опис на практиканството:***

Практикантите да бидат лица на возраст од 18-35 годишна возраст, со најмалку средна стручна подготовка, а со предност на лица со високо или во процес на стекнување на високо образование, а кои се невработени без претходно работно искуство согласно нивното стекнато образованието.

Барањата на практикантите ќе бидат исполнети во зависност од интересот на кандидатите за практиканти и нивните квалификации. Секој кандидат избран за практикант ќе потпише 2 месечен договор за практиканство со Проектот, каде има назначено локален ментор, лице кое ќе биде одговорно да му дава соодветни насоки за работа и ќе информира за редовноста на практикантот за време на практичната работа и неговиот напредок.

Трошоци за месечниот надомест на практиканство е во бруто износ од 7.000,00 МКД со вклучено осигурување во случај последици на несреќен случај – незгода и персонален данок на доход за секој практикант кои ќе бидат покриени од страна на проектот финализиран од ЕУ, односно 6.200,00 денари нето по месец.

***Критериум за избор – ЦЕА Скопје:***

Практикантите треба да ги исполнат следните предуслови

1. Да се лица кои се на возраст помеѓу 18-35 години
2. Да бидат Роми
3. Да бидат невработени
4. Да се со завршено најмалку средно образование со предност на лица со стекнато високо образование
5. Да нема искуство во соодветната струка на образование
6. Имаат потреба за дооформување на вештините за вработливост и комуникација со потенцијални работодавачи
7. Да имаат основно познавање на работа со компјутери (MS office, Internet)

***Предност ќе се даде на лица кои имаат завршено или во процес на завршување на економски или бизнис струки, општествени науки, ИТ, а кои имаат значителен интерес во истражувања, обработка на податоци и анализи, визуелизација, и кои имаат потреба за унапредување во оваа област за да стекнат дополнителни знаења.***

***Дополнително насоки за барање на работа во дадениот период и адекватно преставување на деловниот сектор ќе бидат основна поддршка.***

Во процесот на евалуација предност ќе имаат оние практиканти кои целосно го пополниле Барањето за практикант со сите обрасци и соодветни вештини според барањата.

Без оглед на горе споменатите критериуми Проектот го задржува правото да одбие барање за учество во Активноста врз основа која не е споменат во огласот како што е пополнување на број, конфликт на интереси или друго.

Избраните кандидати ќе поминат двомесечна практична обука која ќе се спроведува во просториите на организацијата согласно предложените обврски и работи задачи од работодавачот.

***Постапка за поднесување на барање:***

Заинтересираните невработени лица доставуваат Барање за практиканство секој ден на долу наведената е-маил адреса со назнака за кој период за практично учење се достапни (Група 1: 15/6-14/8/17, Група 2:15/8-14/10/17, Група 3: 15/10-14/12/17)

**Огласот за прва група трае до 05/06/2017,** апликациите стасани по овој период ќе се разгледуваат за вториот и третиот круг на практиканти

1) Формулар за барање

преку која изразуваат интерес за учество во Активноста со потпис на следната е-маил адреса romayouth2016@gmail.com. Апликациите ќе бидат оценувани секој месец по што ќе бидете информирани за исходот.

2) Биографија

Кандидатите кои ќе ги исполнат условите, ќе бидат повикани на интервју.

Пред потпишување на Договор за практикантска работа заинтересираните лица ќе бидат обврзани да потпишат и Изјава со која ќе ги потврдат сите горенаведени критериуми.

Проектот е поддржан од ЕУ програмата ИПА Човечки ресурси. Јавниот повик е достапен на www.cea.org.mk, **и на** https://www.facebook.com/romayouth/

Овој проект е финансиран од Европската Унија
This project is funded by the European Union

Проектот е имплементиран од ЦЕА, Сумнал, Сонце и Светла Иднина
A Project implemented by CEA, Sumnal, Sonce and Svetla Idnina